# Свечено отворање на новото училиште во с.Таринци

На празникот Св.Трифун официјално беа отворени училишните врати за дечињата во целосно реконструирано, доградено и опремено со современ училишен инвентар, подрачното училиште "Страшо Пинцур" во с.Таринци.



*Образованието е клучен столб во градењето на општество, затоа нашата општина секогаш ќе инвестира во проекти кои ќе овозможат подобри услови за едукација и развој на младите, бидејќи тие се нашата иднина!*



# Избор на најдобри спортисти за 2023

Втора година по ред Општина Карбинци организираше Избор на најдобри спортисти, кои се пример за упорност и посветеност и се вистински двигатели на спортските стандарди во нашата општина!



Честитки до сите добитници на овогодинешните спортски признанија и искрено се надевам дека наредната година ќе може заедно да прославиме уште поголеми спортски достигнувања!



ОПШТИНА КАРБИНЦИ

# ГРАЃАНСКИ ИНФОРМАТОР

ФЕБРУАРИ, 2024



WWW.KARBINCI.GOV.MK



## Рехабилитација на улица во с.Карбинци

Интезивно се одвиваат градежните активности во с.Карбинци каде се гради нова канализациона и водоводна линија, по што следува тампонирање и асфалтирање на улицата со должина од 620 метри.



*Нашата заложба е обезбедување на подобри услови за живот на граѓаните и подобрување на патната и комуналната инфраструктурата во општина Карбинци!*



## Нов асфалт добија две улици с.Таринци и с.Нов Караорман



## Нов асфалт добија четири улици во с.Карбинци



*Посветено работиме на квалитетно подобрување на локалната патна инфраструктура и намалување на бројот на улици без асфалт во нашата општина! Нашата цел е да ги подобриме условите и обезбедиме соодветен пристап до домовите на граѓаните во сите населени места, се стремиме општина Карбинци да биде развиена општина со достоинствени услови за живеење!*